# ДИПЛОМАТСКИ ЛЕТОПИС

ГОДИНА IX, БРОЈ 17
СКОПЈЕ, ЈУНИ, 2024

ДИПЛОМАТСКИ КЛУБ
СКОПЈЕ

# ВО ОВОЈ БРОЈ:

КОН ОВОЈ БРОЈ
- *Јован ТЕГОВСКИ*
  СВЕДОШТВА ЗА ДРЖАВНОСТА ........ 3

ВО ПРЕСРЕТ НА ГОЛЕМИОТ ИСТОРИСКИ ЈУБИЛЕЈ
- *Драган ЈАЊАТОВ,*
  ОСУМДЕСЕТ ГОДИНИ ОД ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ ........ 5
- *Виктор Габер*
  ГЕОПОЛИТИКАТА ВО ВРЕМЕ НА АСНОМ СТРАНСКИТЕ ВОЕНИ МИСИИ И ИНАУГУРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА КАКО МЕЃУНАРОДЕН СУБЈЕКТ ........ 8

ПРИЛОЗИ КОН ДИПЛОМАТСКА ИСТОРИЈА
- *Димитар БЕЛЧЕВ*
  ОСУМДЕСЕТ ГОДИНИ ОД РЕШЕНИЕТО НА АСНОМ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........ 15
- THE MISSION OF EU AMBASSADOR DAVID GEER
  МИСИЈАТА НА АМБАСАДОРОТ НА ЕУ ДЕЈВИД ГИР ........ 21
- *Огнен МАЛЕСКИ*
  КРИЗА НА СРЕДНИТЕ ГОДИНИ* ........ 24
- *Зоран ТОДОРОВ*
  ОД НАСТАНУВАЊЕТО НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА (КЕБС) ДО МАКЕДОНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО ........ 26
- *Билјана МУРАТОВСКА*
  *Генерален секретар на Асоцијација Макам-транс*
  МАКАМ-ТРАНС ЗА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН ........ 30

НАШИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО МЕЃУНАРОДЕН КОНТЕКСТ
- ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА ........ 33

ДИПЛОМАТИ – ПИСАТЕЛИ
- ТРАЈНОСТА НА МАКЕДОНСКО-ФРАНЦУСКИТЕ КУЛТУРНИ ВРСКИ ........ 37

- *Драган ЈАЊАТОВ*
  ЕГЕЈСКАТА БАРУТНА ЕПОПЕЈА НА АМБАСАДОРОТ ПЕТРЕ НАКОВСКИ
  (Продолжение од претходниот број) ........ 40

ПРАКТИЧНА ДИПЛОМАТИЈА
- *Драган ЈАЊАТОВ*
  ОСНОВИ НА ДИПЛОМАТСКАТА СЛУЖБА ........ 44

- *Благој ЗАШОВ*
  СЕЌАВАЊЕ ЗА РОБЕР БАДИНТЕР ........ 47

МАКЕДОНСКА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ДИЈАСПОРА
- *Димитар БЕЛЧЕВ*
  МИХАИЛ СМАТРАКАЛЕВ (1910-1998) ........ 49

НОМИНАЦИИ
- ЧЕСТИТКА ЗА АМБАСАДОРИТЕ ........ 55

- ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДИПЛОМАТСКИОТ КЛУБ ........ 62

- ПЕДЕСЕТ И ПЕТ ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И ДЕН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ 29 АПРИЛ ........ 65

ПРОМОЦИИ
- *Нова книга на Благој Зашов*
  РОМАНИЈА-МАКЕДОНИЈА, ДИПЛОМАТСКИ РАЗГОВОРИ, СРЕДБИ И СЕЌАВАЊА (1996-2002) ........ 71

- *Промоција на „Судбината на Организацијата „Јуцел“ –Судскиот процес против Јуцелциите“ од Салим Керими* ........ 74

- УЧЕСТВО НА ДК ВО ПРОМОЦИЈАТА НА МОНОГРАФИЈАТА НА ИТАЛИЈАНСКАТА АМБАСАДА „30 ГОДИНИ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ ИТАЛИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ........ 76

*Биљана МУРАТОВСКА*
*Генерален секретар на Асоцијацијата Макам-транс*

# МАКАМ-ТРАНС ЗА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН



Асоцијацијата Макам-транс Скопје како репрезентативен претставник на превозните трговски друштва, иницијативата Отворен Балкан од самиот почеток ја прифати како позитивен чекор во однос на воспоставување на подобри услови за вршење на дејност со проширување на транспортниот пазар и можностите кои се даваат за побрз проток на стоки и патници меѓу државите потписнички на оваа иницијатива.

Товарниот патен превоз е една од најкритичните алки во синџирот на снабдување, а со соодветна политика и насочени мерки може да биде лост за развојот на нашата национална економија, особено што превозот на стока по сувоземен пат се врши во 96% случаи споредено со останатите видови на превоз на стока. Во услови на увозно ориентирано стопанство, заштитата, растот и развојот на патниот превоз на стока треба да е суштествен елемент и чинител за раст и развој и на сите останати стопански и нестопански дејности. Значењето на превозот во патниот сообраќај укажува на потреба од спроведување на активности, односно изработка на сеопфатна национална стратегија за воспоставување на услови за одржлив раст и развој на оваа дејност без разлика на сопственоста на трговските друштва кои го вршат превозот.

Спроведувањето на договорените активности за подобрување на протокот на патници и стока во изминатиот период согласно договорената агенда меѓу потписниците на иницијативата Отворен Балкан, овозможи минимално подобрување на условите за вршење на дејност, односно смалување на периодот за преминување на граничната линија меѓу државите за 10% од претходниот период. Воспоставениот принцип на One Stop Shop на граничниот премин Табановце – Прешево, е минимален чекор во намалување на тесните грла кој се уште се евидентни поради погрешниот пристап во однос на размена на податоци, имено се уште на граничната линија постојат на исто место дупли посади поставени од страна на Царинската управа и пограничната полиција на Македонија и на Србија,

наместо размената на податоци да се врши во позадина со воспоставување на електронска размена на истите. Со ваква електронска размена на податоци во голема мера ќе се намали времето за проток на патници и стока како што е на други гранични премини од соседни држави кои се воспоставени по принципот на One Stop Shop. Таквата организација ќе даде можност на граничната линија за влез во државата да се оформат истовремено по две групи на полициски и царински служби кои ќе го контролираат товарниот сообраќај особено што на тој премин веќе има две ваги на кои се мерат возилата заедно со стоката која е товарена на нив. Ваквиот начин на организација ќе овозможи дуплирање на протокот на возила преку овој граничен премин, односно ако во овој период се пропуштаат од 2-3 возила за еден час, протокот ќе се зголеми од 5-6 возила за период од еден час. Ова правило би важело и за Србија и за Албанија со што и во влез и во излез од државата ќе се забрза протокот на возила и во двата правца.

На граничниот премин Ќафасан како најфреквентен граничен премин за товарен сообраќај помеѓу Македонија и Албанија, се уште не е воспоставен систем на One Stop Shop, но сепак не се чувствува голем наплив на возила кои вршат превоз на стока, со што и времето на чекање е многу помало споредено со граничниот премин Табановце преку кој се движат поголем број на товарни возила кои се од Македонија, но и од други држави (Турција, Грција, Србија и сл.).

Иницијативата за Отворен Балкан е позитивен чекор кој треба да го прифатат и другите држави од Балканот, особено државите кои произлегоа од Екс Југославија, со цел да ги воспоставиме и практикуваме правилата кои денес се применуваат меѓу земјите членки на ЕУ. Со здружувањето го зголемуваме пазарот за пласман на добра и услуги кој дава можност преку воспоставување на позитивни практики по принципот на пазарната економија да има позитивна конкуренција и воспоставување на систем на квалитет за подобар пласман и позиционирање во рамките на европската но и во светската економија за размена на добра и услуги, од една страна, а од друга страна претставува можност за полесен пристап и рамноправно членство во ЕУ.

За да се почувствуваат поголеми придобивки во областа на сообраќајот, надлежните органи во трите држави потписнички на иницијативата Отворен Балкан, мора да пристапат и кон потпишување на т.н договори за каботажа за пристап на транспортниот пазар со што по автоматизам ќе се укинат потпишаните Билатерални спогодби од областа на превозот во патниот сообраќај со што ќе се овозможат услови за здрави конкурентни односи меѓу превозните трговски друштва на трите држави неоптеретени со лимитиран број на меѓународни транспортни дозволи за вршење на билатерален, транзитен и превоз за и од трета земја. На овој начин се практикува вршење на превоз на стока и патници и меѓу државите членки на ЕУ при што се обезбедува вршење на превоз во патниот собраќај на цела територија на ЕУ како тоа да е домашен превоз без лимитирање на пристапот на територија на било која земја членка од ЕУ.

Државите од Отворен Балкан паралелно треба да преземат заеднички иницијативи за сузбивање на нестандардни мерки кои државите членки од ЕУ ги спроведуваат со воспоставување на тесни грла за пристап на територија на ЕУ со забрана на поминување на товарни возила со носивост над 7Т на мали гранични премини и нереконструирање на граничните премини на кои е дозволено поминување на товарни возила со носивост од над 7Т со зголемен капацитет на ленти на граничните премини за побрз проток на стока и патници. Европската комисија достави опомена на Романија и Бугарија за задржување на товарните возила на граничните премини меѓу овие две држави  за повеќе од 6 часа, а нашите возила за влез од Србија на територија на Унгарија, односно Хрватска заедно и со другите превозници чекаат повеќе и од 48 часа.

Во својство на генерален секретар на Асоцијација Макам-транс, во последните 21 година од нашето постоење, со сигурност можам да кажам дека кај македонските превозници има надеж и позитивни очекувања од иницијативата Отворен Балкан, но сепак државните органи на трите држави се оние кои треба поинтензивно да работат и да ги имплементираат сите договорени промени со цел да се почувствуваат придобивките кои се очекуваат од иницијативата.



*Асоцијацијата на здружениа на работодавачите на превозните трговски друштва на Република Македонија “МАКАМ-ТРАНС“ претставува најголемо здружување на работодавачи на превозни трговски друштва во Р. Македонија. Основна активност на Асоцијацијата е унапредување и развој на меѓународниот превоз на стока како и внатрешниот превоз на територија на државата, со активно влијание за измена, допрецизирање и воведување голем број законски одредби кои директно влијаеа и влијаат за подобрување на економската и социјалната положба на членството. Врз основа на растот и развојот на македонската економија и растечката размена на производи за широка потрошувачка, репроматеријали и друг вид на производи, најголем број на превози во билатералниот патен сообраќај се вршат за и од земјите членки на ЕУ и во регионот.*